Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за спорт** | **Ministria e Sportit**

Арх. Бр. 08 – 948/

Скопје ---------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT "8 SHTATORI"
Бр.-Nr. 08-948/4
16-05-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Одборот за доделување на државната награда „8 Септември" врз основа на членот 24 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „8 Септември" бр. 08-1673/1 од 29.07.2022 година, распишува**

**К О Н К У Р С**

**за доделување на државната награда „8 Септември" во 2025 година**

Со државната наградата „8 Септември" се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот.

Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда е за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план.

Со наградата „8 Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, се оддава признание на тренери (селектори и тренери) и спортски работници заради промовирање на Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Северна Македонија.

Иницијатива за доделување на:

- Наградата „8 Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, ја доставува матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалку десет национални спортски федерации. Една национална спортска федерација може да даде поддршка на само три кандидати за Наградата за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план. Кандидатите при поднесување на иницијативите задолжително да

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: web:

приложат документ со кој што ќе се потврди поддршката донесена и верификувана на седница на управен одбор од соодветната национална спортска федерација.

- Четирите награди „8 Септември" со кои се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот може да доставаат поединци, спортски клубови, национални спортски федерации и други организации од дејноста спорт.

Паричниот износ на државната награда „8 Септември" изнесува десет (10) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

На наградениот за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план му се доделува плакета, диплома и паричен износ.

Паричниот износ на наградата „8 Септември" за животно дело е доживотна месечна исплата на една просечна плата исплатена во последните три месеца на тековната година.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба детално да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: биографски податоци, адреса на живеење, податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други документирани податоци и аргументи за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон. Иницијативата (во комплетирана форма, вклучително и прилозите) да се достави во 20 примероци.

**Конкурсот трае од 19 мај до 19 јуни 2025 година.**

Иницијативите треба да се достават на адреса:

Министерство за спорт - Одбор за доделување на државната награда „8 Септември", ул.„Македонија" бр. 38, Палата „Панко Брашнаров" - Скопје, Република Северна Македонија.

Некомплетните иницијативи и инцијативите доставени по утврдениот рок за прием по Конкурсот нема да бидат разгледувани.

Претседател на Одборот за доделување на Државна награда „8 Септември"
Борче Костовски



Доставено и до:
*-Сектор спорт,*
*-Архива на МС.*